Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Советот) одлучувајќи по достава на Решение за бришење на Друштво за ревизија, проценка и финансиски консалтинг Б и Љ, Боро и Љупчо ДОО Скопје од 24.01.2020 година на подносителот Друштво за ревизија, проценка и финансиски консалтинг Б и Љ, Боро и Љупчо ДОО Скопје, врз основа на член 16 став (3) точка 2) од Законот за ревизија ("Сл. Весник на Република Македонија 158/10, 135/11, 188/13, 43/14, 138/14, 184/14, 145/15, 192/15, 23/16 и 83/18"), на седница одржана на ден 10.02.2020 година го донесе следново

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. **ТРАЈНО СЕ ОДЗЕМА** лиценцата за вршење на работи на ревизија на Друштво за ревизија, проценка и финансиски консалтинг Б и Љ, Боро и Љупчо ДОО Скопје, поради неисполнување на член 24 од Законот за ревизија, односно бришење од Централниот Регистар на Република Северна Македонија.
2. Оваа Решение влегува во сила со денот на донесување.

*Образложение*

Согласно член 16 став (3) точка 2) од Законот за ревизија, Советот трајно ја одзема лиценцата за работа на друштво за ревизија кое не ги исполнува условите предвидени во член 24 од Законот за ревизија.

Друштво за ревизија, проценка и финансиски консалтинг Б и Љ, Боро и Љупчо ДОО Скопје до Советот има поднесено известување на ден 24.01.2020 година за неисполнување на член 24 од Законот за ревизија, односно дека на ден 20.01.2020 година од страна на Централен Регистар на Република Северна Македонија е донесено Решение за бришење на Друштвото за ревизија проценка и финансиски консалтинг Б и Љ, Боро и Љупчо ДОО Скопје, врз основа на Одлука за потврдување на План за поделба ОДУ бр.1125/19 од 29.11.2019 година. Како доказ го доставуваат Решението од Централен Регистар на Република Северна Македонија од 20.01.2020 година.

Врз основа на горенаведеното, а во врска со член 16 став (3) точка 2) од Законот за ревизија, Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија на седница одржана на 10.02.2020 година одлучи како во диспозитивот на оваа решение.

**Правна поука:** Незадоволната страна може да поднесе тужба до Управен суд во рок од 15 дена од денот на приемот на ова решение.

**в.д. Претседател на Советот,**
**Ване Цветанов**

Ул. "11 Октомври" бр. 7/2 спрат Г.Т.Ц 6 секција – Скопје / П. Фах бр. 488 / тел: + 389 02 3 222 667